**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-203/7**

**Скопје, 06.03.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Град Скопје – Проектна канцеларија, за 2004 година кои се прикажани на страна 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Град Скопје – Проектна канцеларија, за 2004 година и е изразено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ристо Пенов – Градоначалник на Град Скопје за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година
- Ѓорѓи Тулев – Координатор на проектот.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 11.01.2006 до 16.01.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Катица Николовска –Виш ревизор;
- Катерина Чалоска - Ревизор;
- Бљерта Селмани – Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

*Ул:„Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

_______________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Град Скопје – Проектна канцеларија на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Град Скопје – Проектна канцеларија, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 28.02. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

## ГРАД СКОПЈЕ - ПРОЕКТНА КАНЦЕЛАРИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.2.1. | 1 | 4 |
| Трансфери и донации | 3.2.1. | 1,828 | 1,092 |
| **Вкупно приходи** | | **1,829** | **1,096** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | | 0 | 39 |
| Стоки и услуги | 3.1.1. | 1,755 | 923 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.2. | 74 | 73 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,829** | **1,035** |
| **Вкупно расходи** | | **1,829** | **1,035** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **0** | **61** |



*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**ГРАД СКОПЈЕ - ПРОЕКТНА КАНЦЕЛАРИЈА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12. 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 61 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **61** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **61** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 61 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **0** | **61** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **61** |


*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

*Овластен државен ревизор*